АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 21.12.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4613 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 10 декември 2020 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 21 декември 2020 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик.“), **а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик** („Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување [...], за локалните избори: за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје, во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници и во првиот и во вториот круг од изборите“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување, емитувано на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, на регионално ниво, во периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година, **констатирано е прекршување на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик**.

Имено, **спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик, радиодифузерот, при известувањето за време на изборната кампања за Предвремените избори за градоначалник на Општина Пласница и на Општина Штип 2020 година, не обезбеди**

**избалансирано покривање на изборниот процес во дневноинформативните емисии во согласност со принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници.**

Согласно Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, во која е разработен начинот на примена на одредбите од Изборниот законик при мониторингот, **радиодифузерите на регионално ниво** кои ја покриваат изборната кампања во дневноинформативните емисии, **треба да известуваат за активностите на сите учесници во кампања кои имаат поднесено листи во општините во нивниот регион, при што на сите кандидати за градоначалници чии кампањи имаат приближно ист интензитет треба да им обезбедат приближно еднакво време.**

Важно е да се нагласи дека **од радиодифузерите не се очекува да обезбедат избалансираност** во известувањето за различните политички субјекти **во секоја одделна дневно-информативна емисија или посебна информативна емисија, туку во текот на изборната кампања**[1].

**За да се сфати суштината на прекршувањето, треба да се има предвид дека, на Предвремените избори за градоначалник на Општина Штип имаше 5 (пет) учесници во изборната кампања, кандидати за градоначалник,** и тоа: Сашко Николов од СДСМ; Лазар Наумов од ТМРО; Симон Поликарп - Џими од Интегра – македонска конзервативна партија; Гоце Ангелов од Коалицијата „Иднината во наши раце“ составена од партиите Демократи и МОРО – Работничка партија; и независниот кандидат Трајчо Митев.

Податоците од мониторингот укажуваат дека кандидатите за градоначалници имале различен интензитет на кампања. Имено, споредбата на распределбата на времето за известување кај сите телевизии кај кои беа анализирани вестите покажа дека најмногу време имаа издвоено за кандидатот за градоначалник на Штип од СДСМ Сашко Николов кое кај некои медиуми го вклучуваше и времето за реакции на изборни теми од СДСМ и одвоеното време за директна поддршка од страна на претставници на Владата од редовите на оваа партија. Следен по застапеност беше Лазар Наумов, градоначалнички кандидат од ТМРО, а за преостанатите тројца претенденти за градоначалник на Штип: Симон Поликарп-Џими од Интегра–македонска конзервативна партија, независниот кандидат Трајчо Митев и Гоце Ангелов, кандидатот на Коалицијата „Иднината во наши раце“, имаа издвоено помалку време.

Оттаму, и кај ТВ Ирис, се очекува ваков распоред на одвоеното време за активностите од кампањата на кандидатите за градоначалник на Општина Штип.

### ***Дневно-информативни емисии***

Во извештајниот период од 21 ноември до 10 декември 2020 година, кој го опфаќа периодот на изборната кампања, анализата на изборното медиумско известување во дневноинформативните емисии на ТВ Ирис беше спроведена врз вкупно 14 изданија на Вестите во 20 часот. Имено, во мониторираниот период, ТВ Ирис не емитуваше вести во деновите на викендот и на 8 декември (вторник) кој беше неработен ден. Исклучок беше направен на 28 ноември (сабота) кога беа емитувани вести.

---

[1] Повеќе детали за ова прашање има во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси, стр. 5-9, особено стр. 7, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/06/%D0%9C%D0%B5%D1%82%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8-2020.doc

Од вкупно анализирани 2 часа 49 минути и 24 секунди прилози во централните вести на ТВ Ирис, за Градоначалничките избори 2020 година беа одвоени 1 час 5 минути и 49 секунди.

**За време на изборната кампања, во периодот од 21 ноември до 10 декември 2020 година, ТВ Ирис во централната дневноинформативна емисија од 20 часот, наместо да известува за активностите на сите учесници во изборната кампања, информираше за активностите само на 2 (двајца) од вкупно 5 (пет) учесници, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда.**

**Притоа, наместо за градоначалничките кандидати со сличен интензитет на кампања, да издвои приближно еднакво време, во вестите известуваше со различен обем.** Имено, најзастапен беше кандидатот на СДСМ Сашко Николов со 39 минути и 34 секунди, што е повеќе од половина од вкупното време одвоено за известување за Градоначалничките избори 2020. За разлика од доминантната застапеност на кандидатот за градоначалник од СДСМ, за другиот кандидат за којшто извести во вестите т.е. за независниот кандидат за градоначалник Трајчо Митев, ТВ Ирис објави само еден прилог со траење од 1 минута и 57 секунди, а за изборната кампања на преостанатите тројца кандидати за градоначалник, воопшто не беа емитувани информации. Ваквата диспропорција во известувањето делумно се должи на интензитетот на активностите на учесниците во изборната кампања. Но, **споредбата со распределбата на времето во дневноинформативните емисии кај другите телевизии чие известуваање за изборите во вестите беше предмет на мониторинг, покажува дека во поголем дел станува збор за јасна определба на медиумот да посвети најголемо внимание на изборната кампања на кандидатот на СДСМ Сашко Николов. Со ваквиот пристап, ТВ Ирис не обезбеди избалансираност во известувањето за изборната кампања во согласност со принципот за еднаквост на сите кандидати од член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик.**

Треба да се напомене дека во вкупното време со кое е застапен кандидатот за градоначалник на Штип од СДСМ Сашко Николов, освен извештаите од предизборни настапи и прес-конференции, влегуваат и партиските реакции на ОК на СДСМ Штип како одговор на прес-конференциите на ОК на ВМРО-ДПМНЕ Штип и активностите на партиските членови. Од друга страна, на ова време треба да се додадат и 8 минути и 11 секунди од изјави на претставници на Владата во функција на кампањата на Николов. Имено, во Вестите на ТВ Ирис од 28 ноември 2020 година беше емитуван прилогот *„Љупчо Николовски се приклучи на предизборниот караван на д-р Сашко Николов"* во којшто имаше директни обраќања и на вицепремиерот Љупчо Николовски и на кандидатот за градоначалник. На 30 ноември 2020 година, во прилогот *„Министерката за одбрана со поддршка за д-р Сашко Николов, кандидат за градоначалник"*, имаше директно обраќање на министерката за одбрана Радмила Шекеринска. Обраќањата и на Николовски и на Шекеринска, претставени со нивните функции во Владата, беа директна поддршка за кандидатот за градоначалник на Штип од СДСМ, односно тие беа вклучени во изборната кампања за локалните избори во Штип.

***<u>Застапеност на субјектите во вестите</u>***

**ТВ ИРИС**

| Тема | Траење | Процент |
|---|---|---|
| **Коментари/ставови** | | |
| Локална самоуправа | 00:02:28 | 33.94 % |
| Влада | 00:01:08 | 15.60 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:08 | 15.60 % |
| Судство | 00:02:32 | 34.86 % |
| Вкупно за тема: | 00:07:16 | 100 % |
| **Други прилози** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:41:57 | 43.55 | % |
| Локална самоуправа | 00:07:21 | 7.63 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:08 | 8.44 | % |
| Други субјекти | 00:14:06 | 14.64 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:20:39 | 21.44 | % |
| Собрание | 00:02:44 | 2.84 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:43 | 0.74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:41 | 0.71 | % |
| Вкупно за тема: | 01:36:19 | 100 | % |
| **Градоначалнички избори 2020** | | | |
| Влада | 00:08:11 | 12.43 | % |
| Сашко Николов/СДСМ | 00:39:34 | 60.12 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:26 | 12.81 | % |
| ДИК/ОИК | 00:07:41 | 11.67 | % |
| Трајчо Митев/Независен кандидат | 00:01:57 | 2.96 | % |
| Вкупно за тема: | 01:05:49 | 100 | % |
| | **Вкупно = 02:49:24** | | |

Со мониторингот на изборното медиумско претставување се следат и директните обраќања (емитуваните тонски записи од изјавите). Овој податок, преку квантитетот којшто го покажува, односно времето коешто било издвоено за изјави на учесниците во изборната кампања, всушност говори за квалитет (за односот на медиумот кон субјектите во смисла на можноста публиката директно, преку тонски запис да ги чуе нивните изјави). **Структурата на директните обраќања во вестите го одразува концептот на ТВ Ирис да известува доминантно за кандидатот за градоначалник на Штип од СДСМ Сашко Николов кој добил најмногу можност за директни обраќања од 26 минути и 5 секунди што е околу две петини од вкупното време за директни обраќања во Вестите и е далеку повеќе од кој било друг субјект од сите анализирани прилози.**

***<u>Структура на директни обраќања</u>***

**ТВ Ирис**

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:30 | 16,41 | % |
| ДИК/ОИК | 00:03:33 | 5,55 | % |
| Влада | 00:15:28 | 24,17 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:07 | 1,75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:12 | 6,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:28 | 2,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:19 | 0,49 | % |
| Трајчо Митев/Независен кандидат | 00:01:17 | 2,01 | % |
| Сашко Николов/СДСМ | 00:26:05 | 40,77 | % |
| | **Вкупно = 01:03:59** | **100** | **%** |

7. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 75 став 1, а во врска со член 75-а став 1 точка в од Изборниот законик, **Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип**, на својот програмски сервис емитуван на регионално ниво, **за време на изборната кампања од 21 ноември до 10 декември 2020 година:**

- Во вкупно 14 (четиринаесет) дневноинформативни изданија на Вести во 20 часот, наместо да известува за активностите на сите кандидати за градоначалници - учесници во изборната кампања за локалните избори во Општина Штип, информираше за активностите само на 2 (двајца) од вкупно 5 (пет) учесници, и воопшто не извести за тројца од кандидатите за градоначалник, со што ѝ ја ускрати на својата публика можноста да се запознае со целовитоста на изборната понуда.

  Притоа, наместо за градоначалничките кандидати со сличен интензитет на кампања, да издвои приближно еднакво време, во вестите известуваше со различен обем. Имено, повеќе од половина од вкупното време одвоено за известување за Градоначалничките избори 2020 или 39 минути и 34 секунди, беа информации за кампањата на кандидатот за градоначалник на СДСМ Сашко Николов, и имаше само еден прилог со траење од 1 минута и 57 секунди за независниот кандидат за градоначалник Трајчо Митев.

  - Кај директните обраќања во Вестите во 20 часот, повторно доминира времето за кандидатот за градоначалник на Штип од СДСМ Сашко Николов кој добил најмногу можност за директни обраќања од 26 минути и 5 секунди што е околу две петини од вкупното време за директни обраќања во Вестите и е далеку повеќе од кој било друг субјект од сите анализирани прилози.

**Со ова ТВ Ирис не обезбеди избалансирано покривање на изборниот процес во согласност со принципот на еднавост за сите кандидати за градоначалници.**

## 8. Предлог-мерка:

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.

***Сектор за програмски работи***